Д-р Александар АПОСТОЛОВ

# 100-ГОДИШНИНА ОД СМРТТА НА СВЕТОЗАР МАРКОВИЌ ПРВ ПРОПАГАТОР НА СОЦИЈАЛИСТИЧКИТЕ ИДЕИ ВО СРБИЈА*)

Пред сто години, на денешен датум, во раните утрински часови во Трст се затворија за секогаш очите на Светозар Марковиќ, првиот пропагатор на социјалистичката политичка мисла во Србија. Се затворија очите што беа најдалеку загледани во иднината на тогашното српско општество.

Периодот од раѓањето на Светозар Марковиќ (1846 г.) до неговата прерана смрт (1875 г.) беше исполнет со настани и општествени процеси што имаа судбоносно влијание за прекројувањето на политичката карта на тогашна Европа; за развојот на науката и техниката; за развојот на стопанството; а што е од особено светско значење, за развојот на човечката прогресивна мисла.

Во овој период по крвавите војни во 1859 и 1866 година, во кои Австрија беше победена, дојде до обединување на Италија и Германија. Со нивното обединување се создадоа две европски велесили, од кои, особено втората ќе има главен збор при решавањето на крупни политички прашања во Европа во епохата на империјализмот. По Кримската војна (1853—1856) царска Русија ќе биде отфрлена на заден план и ќе ѝ треба доста време и спокојство да ги лекува раните задобиени во оваа војна и да ги средува своите внатрешни проблеми што беа и главна причина за нејзиниот неуспех во оваа војна. Така во 1861 година со царски указ во Русија е укинато кметството и се прокламувани извесни граѓански слободи. По оваа војна Турција станува сè позависна од големите капиталистички сили и широко ги отвора своите граници на нивниот капитал. Нејзината политичка егзистенција понатаму главно ќе зависи од волјата и економските интереси на европските големи сили. Напливот на нови индустриски стоки во Турција ќе ја влоши и без тоа незавидната положба особено на балканските народи што сè уште се наоѓаа под нејзино ропство. Бунтовите и востанијата во Херце-

---

*) Предавање одржано пред студентите и наставниците на Филозофсок-историскиот и Филолошкиот факултет во Скопје на 26. II. 1975 година.

говина, во Црна Гора, на Крит ја усложнуваа уште повеќе положбата на „болниот на Босфорот“, а таканареченото Источно прашање и обидот за неговото разрешување ги искомпликува уште повеќе политичките односи на великите сили и нивните мали европски сателити што граничеа со Турција.

Француско-пруската војна ја поремети рамнотежата во Европа и го олесни спомнатото обединување на Германија под скиптарот на прускиот монарх. Оваа војна предизвика и други, подлабоки потреси со потрајни последици. За секогаш беше урната реставрираната француска монархија. Создадената Париска комуна, прва диктатура на сиромашните слоеви во Париз, беше обусловена од кризата што ја предизвика поразот на Франција во оваа војна, но едновремено беше и резултат на развојот на меѓународното работничко движење, раководено од својата прва политичка меѓународна работничка организација — Првата интернационала.

Развојот на научниот социјализам на Маркс и Енгелс сè повеќе ги опфаќаше незадоволните, експлоатираните и угнетувани маси во капиталистичкиот свет што се развиваше со невиден до тогаш темпо, но нивната идеологија сè уште не беше извојувала доминантна позиција во работничкото движење.

На полето на развојот на човечката мисла овој период го карактеризираат и бројни идејни струења што во активноста на Првата интернационала се вртеа околу Марксистичкото учење, но повеќе или помалку отстапуваа од него, беа во негова опозиција, или пак со својата идеалистичка подлога на сваќањето на светот, беа сосема спротивни на материјалистичката основа од која поаѓаше марксизмот во своето учење.

Во ваквиот сплет на политички околности и на идејно шаренило, низ годините што ги спомнавме, постепено се оформуваше српското општество, поминувајќи низ повеќе постапни фази определувани од неминовниот процес на законитоста на развојот на општетството воопшто.

По Првото и Второто српско востание се создадоа услови да се докрајчи распаѓањето на српското патријархално општество што ја имаше за основа селската семејна, односно фамилијарна задруга, општествено-економска институција од затворен тип. Паричната економија, како наредна фаза од економскиот развој неумоливо делуваше разурнувачки врз ова, веќе наджибеано српско патријархално општество, разбивајќи ја задругата на нејзините составни клетки, на семејства. За да се забрза овој процес, меѓу другото, придонесе и аграрната реформа што се изврши во Србија во 30-те години од XIX век на сосема радикална основа за она време. Настапи период на првобитна акумулација на капиталот во Србија, преку политичката форма на владеење, позната под Милошев деспотизам, помаган и од бројната олигархија. Своеволијата на кнезот и на неговите соработници и ортаци, изразувана преку најгрубо ограбување и вонеко-

номска принуда наречена старешински кулук, ја реализира најпримитивната ако не и најбездушната акумулација на првобитниот капитал во Кнежеството Србија. Кога уставобранителите дошле на власт се создале првите кредитни установи во Земјата наречени благајни. Се отпочнало со давање заеми од тие благајни. Меѓутоа, селаните, кои тогаш сочинувале 90% од населението на Србија, од повеќе причини не можеле да земат кредити чиј интерес изнесувал околу 9%. Со заемите се користеле високите чиновници, богатите трговци и селските првенци-чорбаџии. Од овие заеми им биле давани на селаните пари со многу поголем годишен интерес. Селаните биле принудени да земаат заем под вакви неповолни услови особено по 1867 година откако Турците ги предале градовите на Србија и масовно ја напуштале Србија продавајќи ја земјата што до тогаш ја имале.

Историјата на првобитната акумулација во Србија се разликува во многу нешто од историјата на првобитната акумулација во некои други земји. Во Србија таа се создавала во такви околности кога земјата се наоѓала во почетниот стадиум на паричната економија „кога сиромаштвото било огромно, незнаењето очајно, заостанатоста страотна, цивилизацијата минимално развиена“.

Србија била мала земја која сè уште не била капиталистичка, меѓутоа таа се наоѓала во еден процес да стане капиталистичка. Веќе во 60-те и 70-те години од XIX век во Србија наполно преовладува паричното стопанство. Со него настанува и преобразување на народната економија. Се применува кон поинтензивно земјоделство и сточарство. Занаетчиството се развива и најавува удирање основи и на индустријата. Се развива внатрешната и надворешната трговија; расне бројот на градското население. Неговиот број во 1859 година изнесува 86.841, за во 1884 година да се зголеми на 235.887. Во 1868 година во Србија за првпат се јавува државен долг. Во наредната година се основува и прва приватна банка.

Непосредно по Кримската војна, кога во Србија бил на престолот кнез Александар Караѓорѓевиќ интересот за комуницирање со западна Европа се зголемува и се преземаат конкретни мерки за школување на домашни кадри во странски високи школи, било за командниот кадар во војската, било за други специјалности. При поминувањето преку Белград еден белгиски дипломат во 1856 година констатира дека „На своето пропатување од Едрене, преку Пловдив, Ниш и Алексинац во Белград нашол нов свет што заслужува да биде грижливо проучен“. Понатаму во својот извештај упатен до министерот на надворешните работи на Белгија вели дека при неговата средба со кнезот Александар, овој изразил желба да набави оружје за српската војска од Белгија, да порача машини, да купи железна конструкција за мост преку Морава, да испрати млади Срби на студии во Бел-

гија, а од Белгија да ангажира за Србија повеќе инженери и работници од разни струки.

Но на ваквата активност за економско издигање на земјата не одговарал и адекватниот политички живот, односно владеечки режим во Србија. Во 1868 година е убиен кнезот Михаило Обреновиќ. Во формираното намесништво за првпат ќе влезе и еден генерал — Миливое Петровиќ — Блазнавац. Неговата победа при кандидатурата за намесник се смета за победа на воените врвови, кои оттогаш не ќе престанат да играат важна политичка улога во политичкиот живот на Србија, а подоцна и во Кралството Југославија.

Со создавањето социјални разлики, неминовно доаѓа и до класни спротивности во Србија. Се создаваат и првите граѓански странки, носители на интересите на поодделни општествени слоеви — Конзервативната односно Напредњачката и Либералната. Првата е претставник на бирократијата, а втората на интелигенцијата, која делува во името на селаните но без нив. Се чувствува и антагонизам меѓу династичките струи на Обреновиќевците и развластените Караѓорѓевци.

На надворешно-политичкиот план во овој период се наметнува и клучното судбинско прашање за ослободувањето на неослободениот дел од српскиот народ што сè уште се наоѓал под турско ропство или во составот на Австрија. Единствено биле слободни Србија во рамките на Белградскиот пашалак и Црна Гора. Програма за нивно ослободување и приклучување кон Србија била изработени уште во 1844 година под познатиот назив „Начертание". Првобитната концепција на оваа програма, замислена од Чехот Фрањо Зах, имала југословенски карактер, но таа програма била стеснета од страна на Илија Гарашанин и сведена на пиемонтска мисија, за како таква да се провлекува со мали модификации и во XX век сè до 1941 година, кога, како резултат на острите спротивности што избија на виделина во нејзината практична примена во Кралството Југославија, дојде и до отфрлањето на тој прв неуспешен обид што имаше век нешто повеќе од две децении.

Покрај сите судрувања што имале разни причини и побуди, духот на јужнословенската соработка во времето на Светозар Марковиќ, е особено жив во сите јужнословенски земји. Тој дух дошол до израз на политички план во обидот да се создаде балкански сојуз меѓу балканските држави и речиси, на сите балкански национални движења околу Кнежеството Србија. Во 1866, 1867 и 1868 година е создаден сојуз меѓу Србија, од една страна, и Црна Гора, Грција и Романија, од друга.

Во текот на 1867 година бил прифатен во Белград предлогот на бугарскиот револуционерен комитет за создавање „Југословенско царство" на чело со кнез Михаило Обреновиќ. Се размислувало дали таа држава да се нарече „Бугаро-Србија" или „Србо-Бугарија". Заеднички би биле на оваа држава следниве

институции: парламент, престолнина, владетел, законодавство, знаме, парична монета, но би се зачувале двата литературни јазици и посебни администрации. Бил предвиден заеднички синод; господаречката религија би била православна, а вероисповетта слободна. Тоа царство би било поставено на конфедеративен принцип.

Во 1866 година бил постигнат усмен спогазум меѓу Илија Гарашанин и Јосип Јурај Штросмаер, првенец на Народната странка во Хрватска за потребите од заедничка акција да се создаде југословенска независна држава од Австрија и Турција, т.е. од југословенските народи што живеат во неа.

Полит Десанчиќ оди подалеку од Михаило Обреновиќ и од Илија Гарашанин во концепцијата за идното устројство на Балканот. Тој добро го согледал стремежот кај балканските народи за сожителство, но и тоа дека низ историското минато и создаваните традиции се развивале и хегемонистички стремежи кај одделни народи и држави. Грците би сакале да го обноват Византиското царство; Србите Душановото царство. На Десанчиќ му изгледала најприродна комбинацијата балканското прашање да се реши преку балканска конфедерација, заедница на слободни балкански држави и народи.

При вакви општествено-економски прилики и политички констелации и комбинации, стапува на политичка сцена Светозар Марковиќ. Тој произлегува од службеничко многудетно семејство. Непосредно можел да набљудува некои бирократски манифестации кај таткоси, државен чиновник. Непосредно можел да се запознае со животот на српскиот селанец во провинциската средина каде што службувал таткому. Со, можеби, на извесна доза од наследена горштачка бунтовничка крв (дедому бил долгогодишен ајдук) Светозар Марковиќ субјективно бил погодна личност да реагира на сите манифестации што значеле неправда, лага, угнетување и економска експлоатација. Преку своето школување во Србија го запозна дотаму и градскиот живот што истиот ќе му помогне подоцна да прави анализи и синтези при проучувањето на српското општество.

Неговото, речиси, тригодишно школување во Петроград во Русија (1866—69 г.) на Техничкиот факултет, а потоа преминувањето во Цирих за да ги продолжи и заврши студиите (од 1869—1870 г.) и да го „научи германскиот и францускиот јазик", како што самиот вели на едно место, имало пресвртно и пресудно влијание во неговата натамошна определба за општественополитичка дејност на која исцело ќе се оддаде.

Талентиран математичар, и воопшто, способен за изучување на егзактните науки, а исцело наклонет кон општествените дисциплини и ангажиран наполно во нивното изучување преку самообразование, во личноста на Светозар Марковиќ идеално се споиле способностите за математичко-логично расудување и дијалектичко приоѓање кон појавите и настаните.

Кога дошол во Русија, Светозар Марковиќ ја затекнал оваа пространа земја во потполно превирање. По ослободувањето на селаните во 1861 година и заведувањето на либерална управа од Александар II во Русија се јавуваат први големи социјални и политички движења претходници на големи револуционерни експлозии во XX век. Од овие движења, пред сè, била опфатена интелигенцијата. Во тоа време Белински, Доброљубов, Писарев, Чернишевски и др. ја револуционизираат руската младина на универзитетите. Во ваква вознемирена и разбранувана средина со стремежи за преустројство на руското општество Светозар Марковиќ пристигнал во 1866 година. И него го опфатила акцијата на руските револуционерни демократи и врз него влијае нивното учење дека треба да се оди меѓу народот, меѓу руските селански маси и преку нивното активирање да се бара решение на големата руска криза. Во тоа време Светозар Марковиќ темелно се запознава со руската револуционерна литература. Од сите револуционерни писатели од она време на Марковиќ извршил најголемо влијание Чернишевски. Самиот Марковиќ го нарекува свој духовен татко.

Задоен и напоен со идеите на руските револуционерни демократи Светозар Марковиќ започнува да ја набљудува својата земја и нејзиниот развој од сосема друго стојалиште. Тој веќе создал свој став спрема сите вредности во Србија. Иако дотогаш и самиот член на „Уједињена омладина српска“, Светозар Марковиќ започнува сè да критикува во младинското движење: неговиот романтизам во литературата, националната идеологија и методите на борбата. Тој го критикува српскиот устав од 1869 година во својот напис под наслов „Српске обмане“, отпечатен во „Новосадска застава“. Заради острата критика на режимот во Србија му била одземена државната стипендија.

Во меѓувреме Светозар Марковиќ преминува во Швајцарија. Малата и единствена тогаш швајцарска република во Европа била свратилиште на бројна политичка емиграција од цела Европа. Во Швајцарија Светозар дошол во врска со луѓе и струи на меѓународното работничко движење. Таму ги продлабочува своите знаења од општествените науки. Особено многу ги читал европските теоретичари на социјализмот: Луј Блан, Ласал, Робертсон, Прудон, Бакуњин, Маркс и Енгелс. Во својата статија под наслов „Општествена и политичка борба во Европа“, во фуснотата, меѓу другото, Светозар Марковиќ го пишува и ова: „Кој сака да ја изучи основно научната социјалистичка теорија можам да му го препорачам: „Das Kapital oder Kritik der politischen Oekonomie” von K. Marx, Hamburg 1867, tom I. Кога се вратил во 1870 година од Швајцарија во Србија, Светозар Марковиќ главно проучил добар дел од тогашните напредни граѓански и социјалистички општествени науки. Свесен дека во Земјата го очекува и практична борба, но и готов во таа борба докрај да ги вложи сите свои сили, Светозар Марковиќ ќе ја

изрече и својата борбена мисла во која се насетува спремност на саможртва за своите убедувања, а во интерес на народот. „Оној што не е готов да се жртвува за секој атом на своите убедувања, нека не се нарекува претставител на народните мисли“. Во писмото упатено до Антоние Хаџиќ, Светозар најавува борба против режимот во Србија и меѓу другото пишува: „Мене ми е и премногу тешка и тесна таа зграда во која се задушува денеска српскиот народ и јас ја започнав борбата против неа...”

По враќањето во Србија Светозар Марковиќ развива сестрана активност и теориска и практична. Од август 1870 година до јануари 1871 година тој работи во „Побратимство“, организира занаетчиски задруги на кои им посветува големи грижи и труд, така што во нив, по силата на околностите, бил „не само одборник, туку и продавач“. Со пријателите го покренува првиот социјалистички лист во Србија „Раденик“. Заради критиката на власта бега пред полицијата во Нови Сад и таму останува околу една година. Таму го завршува своето најдобро и најоригинално дело „Србија на истоку“. Во април 1874 година се враќа во Србија, но заради некои написи против режимските луѓе, Светозар Марковиќ е осуден на затвор и 9 месеца провел во Пожаревачкиот затвор. И во затворот, според некои најнови искажувања, многу пишувал и добар дел од трудовите му останале во ракопис. По излегувањето од затворот, иако болен, Светозар Марковиќ покренува нов лист во Крагуевац „Ослобоѓење“. Потоа оди да се лекува во Виена. Дијагнозата за неговата болест гласела: „Туберкулоза во цревата и во стомакот“. Од Виена Светозар тргнува за Далмација, надевајќи се дека на југ ќе му се подобри здравјето. При посетата на Трст умира во 29-тата година од својот живот.

Животот на Светозар Марковиќ бил краток, но неговиот книжевен и мисловен опус е мошне разноврсен и обемен. За само 7 години работа на полето на општествената мисла создал едно движење и извршил едно влијание. Неговиот книжевен фонд изнесува над 2.000 страници печатен текст, а се верува дека имало уште толку во ракописи расфрлени меѓу приватни лица во вид на писма или ракописи со друга содржина.

На ова место немаме намера да правиме анализа на широката и разнородна дејност на Светозар Марковиќ. Познати се и надминати неговите утопистички ставови и практични обиди да создаде во Србија општество засновано на старата веќе одживеана и растурена српска селска задруга како општествена клетка. Таа негова идеја можеби се родила во Русија на примерот од учењето на руските револуционерни демократи, а можеби и под влијанието на бројните струења во тогашното европско движење, меѓу кои и анархистичкото. Сметаме дека е потребно овде да го истакнеме она што ја чини утопијата на неговото учење. Идеализирајќи ги односите во српската патријархална

задруга, а доволно запознаен со грубата и нечовечка експлоатација над пролетаријатот во развиениот капиталистички свет, Светозар Марковиќ прижелкувал да ја одмине негова Србија, оваа инаку неминовна фаза од општествениот развој, та преку селската задруга и создадените занаетчиски производно-потрошувачки задруги да премине во од него замислено среќно ново социјалистичко општество. Но во практика Светозар Марковиќ се уверил дека обидот со задругите му пропаднал.

Треба да ја истакнеме позитивната страна од неговата социјалистичка револуционерна дејност, а тоа е неговата остра и беспоштедна критика на постојното општество во Србија и на режимот со кој се управува тоа општество, како и неговата борба и желба тоа да се измени радикално.

Исто така е интересно да се задржиме овој пат на ставот на Светозар Марковиќ спрема надворешната политика на тогашна Србија и на неговиот „оригинален“, но донекаде и анархистички федерализам на Балканот.

Со текот на својата дејност Светозар Марковиќ ќе изгради систематизиран поглед за улогата на српскиот народ во модерната историја. Ова ќе биде најјасно изнесено во неговото дело „Србија на Истоку" (1872). Во својата концепција тој поаѓа од таму дека српскиот народ може да се ослободи само кога ќе се ослободат и поробените народи околу него што се наоѓаат под власта на Турција и на Австро-Унгарија, но на тој начин што српската држава да не ја пренесе својата администрација врз ослободените области туку слободно и рамноправно со нив да се здружи. За успешно да ја оствари оваа своја улога Србија треба најнапред внатрешно да се ослободи, размислува Светозар Марковиќ и вели: „Србија, тоа не е кнезот, не се министрите, не се началниците и капетаните, судиите и кметовите, надлежателствата и канцелариите, Србија, тоа е народот српски . . .“

„Со револуцијата српскиот народ ќе создаде општество врз основа на слободата, еднаквоста и братската заемност — кон што се стремат сите народи во светот“. За да се постигне ова било нужно, според Светозар Марковиќ, старата форма на централизираната држава да се разбие и да се претвори во сојуз на самоуправни општини. Наместо да се замени турското ропство со капиталистичкото, Србија треба да ги искористи своите стари општествени институции какви што биле семејната задруга и народната скупштина и да создаде ново општество со трајни и проверени етички норми во меѓучовечките односи, со ненаметнат туку доброволно одбран авторитет и со производна дејност што не ќе го затапува човечкиот ум и ја сковува неговата иницијатива, туку трудот ќе стане радосно занимање заради својата непринуденост и разноврсност. Во таквото од Марковиќа замислено општество, полицијата ќе биде во надлежност на општината, судовите ќе бидат исклучиво поротни, а постојаната војска се отфрла. Формално, системот на Светозар Марковиќ

бил републикански, во една своеврсна форма, а на целокупното општество, му ја определува како историска цел слободата на поединецот. Според, ваквото свое учење Светозар Марковиќ бил редок меѓу балканските политичари и идеолози којшто целта на историјата не ја завршува во создавањето на својата заокружена и хомогена нација. На концепцијата на присвојување и приклучување на неослободените земји, што била замислена од владеачките кругови, Светозар Марковиќ спротивставува своја концепција. Таа би се реализирала преку револуција и во слободните балкански држави, и во Турција, и во Австро-Унгарија со крајна цел да се уништат монархиите и да се создаде слободен сојуз-федерација од народите на Балканот. „Во турската царштина одвај да има српски народ 2,1/2 милиони. И две династии сакаат да го поделат меѓу себе тој мал број луѓе. Меѓутоа, да речеме, Србија како посилна држава да надвладее и да ги присоедини другите српски земји — каква иднина ќе има така мала државичка?" се прашува Светозар Марковиќ и додава: „Балканскиот Полуостров е мозаик од различни народи. Бројно се најмногу Бугарите, потоа доаѓаат Србите и Грците, речиси подеднакво, потоа Турците, Арнаутите и Власите. Кој ќе се согласи од тие народи да биде анектиран од српската монархија."?

„. . . Српскиот народ нема друг излез освен да се крене револуција на Балканот, револуција што би се завршила со уништувањето на сите држави што денеска пречат тие народи да не можат да се соединат како слободни луѓе и рамноправни работници, како сојуз на општини, жупании, држави, како што ќе им е најпогодно".

На мисловниот систем на Светозар Марковиќ идеолошки ќе се култивираат две политички движења. Најнапред Мита Цениќ ќе создаде „Опште радничко друштво у Београду" (1881), со програма за борба за народна управа и југословенска федерација. Освен него ќе дејствува и Васа Пелагиќ.

Втората насока во која се користени идеите на Светозар Марковиќ била таа на Радикалната партија. Таа се развивала преку селанската група на Адам Богосавлевиќ. Дури биле во опозиција на режимот радикалите се бореле за општо избирачко право, општинска самоуправа и модерен парламент. Со своето постојано жестоко напаѓање на бирократијата радикалите ќе станат политичко засолниште на обичниот српски човек. „Со радикалите во првата фаза од нивната политичка дејност ќе се наредат сите што носат гуња и опинок". Во оваа своја фаза на делување и развој, дури не се дегенерирале во странка на градските врвои, радикалите се обидувале на својата надворешнополитичка програма да ѝ дадат поеластичен вид отколку што го имале останатите балкански национализми, па во својата програма од 1881 година барале создавање балкански сојуз најнапред од Србија, Бугарија и Црна Гора.

Но за двете наредни децении Радикалната странка ќе ја изгуби својата поранешна виталност, ќе се сврти кон градските привилегирани слоеви, што според својата бројност и економска моќ, претставуваа економски и политички фактор и таа од ситнобуржоаска странка ќе стане буржоаска партија, изедначувајќи ги своите економски интереси со нејзиниот национализам. Ова особено ќе се потврди во децениите од нејзиното постоење и дејствување во XX век.

Би биле неправедни спрема историјата на социјалистичката мисла што ја иницира во Србија Светозар Марковиќ, а што цел еден век по него до денешни дни се развиваше и усовршуваше, ако накусо не се осврнеме на ова значајно раздобје од општествениот развој. Таа мисла практично се реализира најпрвин во Русија, токму таму каде што за првпат Светозар се почувствува и стана социјалист, а потоа социјализмот прерасна во светски општествен систем по Втората светска војна.

Не делат 100 години од денот кога Светозар Марковиќ престана за секогаш да ги проповедува идеите на социјализмот. Но низ овој најдинамичен век во историјата се случија револуции со огромни резултати и во науката и во техниката со недогледни последици за напредокот на човештвото. Напоредно со нив победуваа и социјалистичките револуции во општеството.

Огромна е разликата, и речиси неспоредлива, на сегашните услови од оние што постоеја дури беше жив Светозар Марковиќ и дејствуваше во сферата на социјалистичката мисла. Во современиов свет колонијализмот исчезна, или е на пат сосема да исчезне. Неоколинијализмот што тука и таму се манифестира помалку или повеќе, повеќе е доказ за немоќта на силните на времето, што ја изгубија или ја губат монополистичката доминација и во современиот „освестен“ свет немаат шанса за свое господство над другите. Новите сообраќајни средства ги доближија народите и луѓето просторно, а социјалистичкото учење врз база на Марксизмот и Ленинизмот ги зближи луѓето и народите идејно дотаму што веќе имаме современи движења за создавање големи континентални и меѓуконтинентални асоцијации на мислата и на економиката. Социјализмот се збогатува со истакнување на специфичните посебности во одделни политичко-општествени средини, та неговата идејна ризница дава одредени решенија и на најзамрсените прашања во потрага за неговото усовршување. Како резултат на тоа зближување и усовршување светот кога беше поставен во дилема дали да ги решава никнатите спорови по класичен пат, со војна, или по пат на соработка во мирен творечки развој, се чини дека преовлада втората алтернатива. Светот е принуден да бара мирољубиви решенија на никнатите конфликти и од страв од себеуништување при евентуална војна со страотни средства што ги измислил и што му стојат на располагање.

Во контекстот на миролубиво и творечко сожителство, замислата на Светозар Марковиќ за создавање балканска федерација, веќе е стварност што постои 30 години на дел од Балканот во лицето на СФРЈ каде што се здружени сите народи и народности што во неа живеат и ги уживаат сите погодности што ги содржи новиот устав.

На поинаков начин и на реални основи се остварени и желбите на Светозар Марковиќ за солидарноста и здружениот труд на човекот производител и самоуправувач во нашиот самоуправен општествено-економски систем што опстојува и успешно делува веќе четврт столетие. Сето ова е резултат на револуционерната борба на југословенските социјалистички сили предводени од КПЈ во борбата против ненародните режими пред Втората светска војна, во борбата против фашизмот и победата над него пред 30 години, односно на СКЈ во борбата за воведување и развој на самоуправниот систем во СФРЈ.

СФРЈ е и еден од иницијаторите за создавање и еден друг повисок вид на федерација од светски размери. Тоа е активната и миролубива коегзистенција на постојните општествени системи и режими, тоа е неврзаната и миролубива политика на земјите во развој со федерализам на мислата, на прогресот, на единствените ставови спрема блоковската политика, солидарноста и взаемната кооперација и помош на економски и културен план.

Угледот на социјалистичка, самоуправна и неврзана Југославија, пошироката татковина на Светозар Марковиќ, расне сè повеќе во светот. Во неврзаниот свет таа е како светилник по кој се движат конвоите што низ разбрануваните меѓуконтинентални простори ги одбегнуваат опасните бранови за да стигнат во мирни светски води огреани со сонце, напоени со хуманост, украсени со правдина. Тоа е саканиот свет и за сите други конвои на современото општество, а тоа всушност е светот на взаемно почитување на сличностите во внатрешното устројство, но почитувањето и на разликите, што, се надеваме, од ден на ден стануваат се потесни, за, може би, по други сто години од овој јубилеј, тие разлики сосема да исчезнат.